7

Од својот комадант последен се опрости Крсте Соколовски. Тој рече:

Драги другар Науме,

Како деца растевме заедно и заедно одевме на училиште. Мечтаевме да одиме во град да се школуваме, но финансиските прилики тое не ни го дозволуваа. Но, и покрај тоа ние настојувавме дж се повеќе да научиме. Ти секогаш беше за правдата и тешко ги поднесуваше ненародните режими на стара Југославија. Под влијание на КПЈ уште од млади години кај тебе почнаа да се пројавуваат напредни мисли.

По доаѓањето на окупаторот Ти ја сфати линијата на Партијата за оружена борба против поробувачите.и за социјални и национални права.

Се сеќавам како да беше вчера, со жар во очите и несопирлив полет ми предложи да одиме во партизани. Тоа беше пролетта 1942 година.До 1945 година заедно го делевме доборот, а повеќе злото во виорните денови на нашата Револуција.

Кога се формира одредот "Даме Груев" ти стана заменик, а по месец дена командант на Одредот.

Те викавме Овчарот, но тоа име за нас борците беше светла звезда во тешките борбени денови, Твојата храброст на борците им даваше нови сили да издржат во борбата дури и кога беа изморени и гладни. Под Твојата комадна одредот постигна големи успеси во борбата против непријателот, како што се акцијата на Смилево, нападот на бугарската полициска станица во Кажани, на полициските станици во селата БУВ и Роково во Егејска Македонија, полициски станици во Дебарца и други.

Како командант на баталјон, Ти се бореше во Првата Македонско-косовска бригада, во Третата македонсака ударна бригада и други бригади, каде што се здоби со големо борбено искуство и вештина во командувањето, а подоцна стана и командант на дивизија. Непријателот добро ќе ги памети акциите кои ги водеа партизаните под Твоето раководство: уништување на непријателска колона кај селото Подвис, Кичевско, нападите на Ристовац и Страцин, нападот и заземањето на Кратово,каде што беа заробени над 100 непријателски војници и други акции.

./.

иметo на Овчарот се прочи скоро во сите краишта на Македонија каде што ти дејствуваше.

Кога постоеше опасност групата баталјони да биде опколена и уништена во кочанското поле во 1944 година, бидејќи се претпоставуваше дека мостот на реката Брегалница кај селото е бранет од непријателот, Ти беше определен од Темпо и Апостолски за водич на ударната група која имаше задача по секоја цена го заземе мостот и да се создадат услови за премин на нашите единици преку реката Брегалница во правец на осоговските планини. И ова задача беше успешно извршена.

Драги Науме,

Неутешни сме со помислата дека засекогаш повеќе ќе те нема меѓу нас, но Твојот драг лик, Твојата добрина и Твојот однос спрема сите нас, вечно ќе ги чуваме во нашите срца. Твојата способност и одлучност ќе ни останат во траен спомен. Нека ти е вечна славата и нашата благодарност драги наш Науме-рече на крајот неговиот соборец од првите денови на формирањето на Битолско-преспанскиот партизански одред се до ослободувањето на нашата земја Крсте Соколовски-Јордан Пиперката.

Под звуците на тажните маршеви и последното простување на најблискиот со покојниот, телото на прочуениот војсководач беше спуштено в земја. Жалните солзи не можеа ди ги сокријат ни оние со најтврди срца, Плачеа сите и неговите соборци, и учениците и работниците,неговите најблиски орднини и пријатели. Жалеа за големиот син на Преспа за легендарниот командант Овчарот. Нанеговиот гроб,потоа беа положени многубројни венци- од неговото семејство и блиски, од Сонбранието на општината, општествено-политичките и работните организации од Ресен и други градови на Републиката, Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија и други установи и поединци.

./.

Со бол, тага и жалост, Преспа се прости од Овчарот. И со гордост што ~~[illegible]~~ даде вистински револуционер и патриот. И со уверување дека сите луѓе на Преспа достоинствено ќе го бранат храмот на честа што се вика СЛОБОДА, за чие раѓање со невиден самопрегор се бореше човекот и борецот-Наум Веслиевски-Овчарот. ~~[illegible]~~

Г.Ѓ.